Марија Дракуловска

*Приказ на социолошко издание*

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА КАКО НОВА ЕРА ВО ЧОВЕЧКАТА ИСТОРИЈА

**GLOBAL AGE, State and Society Beyond Modernity, Martin Albroy, Cambridge, Polity Press, 1996**

Глобална ера, едно од најзначајните дела на **Мартин Елброу***, се состои од девет глави, во кои се обработуваат теми што се врзани со човечкиот род, но задолжително со "модерното" или "глобалното" човечко суштество. Со оваа студија се расветлува прашањето на промените кои, повеќе или помалку, оставаат белег во секој период од развојот на човековите општества, пред се, преминот од еден општествен период кон друг, кој Елброу го означува како премин од модерната кон глобалната ера.

Контекстот на овие феномени е разработен низ неколку аспекти. Првиот аспект се разгледува во првите три глави од студијата , а кои се однесуваат на идејата за враќање кон теориите за ерите, историјата на модерната ера, нејзините три периоди: *рана модерност* од крајот на XV век до средината на XVIII век , во која има експанзија на Европа, воспоставување на светската државна власт и автономија на науката, *висока модерност* која ја доживува индустриската револуција и градењето на бирократската држава сé до XX век и *класна модерност*, периодот на мобилизирање на масите, капиталистичките корпорации и доминацијата на Западот.

Вториот аспект ги опфаќа четвртата и петата глава од студијата, чија главна идеја е дека новата ера се однесува на поширок дискурс. Самиот термин "глобална ера" укажува на "глобално" со сите свои варијации: **"глобализам"**, **"глобалност" и "глобализација"**, чија терминологија според Елброу доаѓа од Меклуановото [1]"глобално село". Тоа се нови перспективи, стилови, стратегии, сили, интереси, кои по различни начини ги заменуваат ориентациите на модерноста.

Јадрото на "глобализмот"се состои, пред се, во тоа што човекот светот го доживува како целина, надминувајќи ги сите разлики. Навлегува во политиката, економијата здравството,

борбата за правата на жените и воопшто на човековите права. И на тој начин глобализмот, како и повеќето постари модерни движења се заснова на универзалистички принципи и претстави за меѓународна хармонија и сеопшт мир.

"Глобалноста", според Елброу, значи обединување на човечкиот род. Човечкиот род е ставен под ропството на природните сили и е продукт на локализирањето на земјината територијалност и на матерјалната размена на природното богатство од кое зависат човечките суштества. Глобалноста го потврдува фактот, дека сѐ што се наоѓа на нашава планета, не може да биде само локален процес и дека сите откритија, победи и катастрофи го засегаат целиот свет. Треба да го промениме и реорганизираме нашиот живот и нашите реалности, нашите организации и институции , односно треба да го насочиме нашето глобално внимание кон локалното и глобалното. Создавањето на институции кои ќе ги поврзуваат овие две многу различни и спротивставени перспективи, треба да биде еден од најголемите предизвици на нашето време.

"Глобализација" е термин кој Елброу го дефинира преку три формулации:

## 1. ОСТВАРУВАЊЕ НА ГЛОБАЛНОТО:

**а) во индивидуални случаи**

I. активно распространување на практики, вредности, технологии и други човечки продукти во рамките на земјината топка;

II. како глобалните практики вршат влијание на животот на луѓето;

III. земјината топка служи како фокус на човечките дејности или како претпоставка за нивно формирање;

IV. во случаи на значителна промена;

**б) општоста сватена од слични случаи;**

**в) слични случаи се разгледуваат апстракно;**

2. ПРОЦЕС НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ГЛОБАЛНОТО ПРЕКУ БИЛО КОИ ВАРИЈАНТИ ;

3. ИСТОРИСКИ ТРАНСФОРМАЦИИ ОД ЗБИР НА СПЕЦИФИЧНИ ФОРМИ И СЛУЧАИ.

Споменатите формулации ги изразуваат суштинските карактеристики на глобализацијата како најзначајна реалност, како тема во современиот живот и современата национална теорија по распаѓањето на марксистичкиот систем. Таа е во фокусот на интересот на разни групи- историчари, политичари, бизнисмени, економисти, консултанти во сферата на управувањето и литературни критичари. Таа како што укажува Елброу, се разликува од модерното бидејќи не е просто продолжување на модернизацијата, односно не е нејзин проект.

Третиот аспект во оваа студија се однесува на конфигурациите кои ја конституираат глобалната ера. Тоа се: системите, луѓето, националната држава и општеството. Од нив, како најзначајни би ги издвоиле: економкиот аспект на глобализацијата, положбата на националната држава и светското општество.

Според Елброу, односите меѓу функционалните сфери во националните држави, како што се здравството, трудот, правото, образованието, по правило ги изразуваат културните приоритети, додека пак во светското општество функционалните сфери се во непрекината борба помеѓу себе и нивните граници флуктуираат. Глобалноста, нагласува Елброу не служи за да се решаваат проблемите, односно вредностите, особено онаму каде што претходно единствено имало грижа за техниките.

Елброу, во таа смисла определува три основни области во кои неопределеноста е специфично поврзана со новата глобалност.

Првата област е сферата на меѓународните организации кои се вклучени во операциите на светската економија, како што се ММФ, Светската банка, СТО и ОИСИР.

Корпоративното управување е втората сфера во која господари неопределеноста на глобалните процеси. Во бизнис корпорациите научното управување е воспоставено како нивен основен модел на рационалната организација. Тие одамна го надминале хиерархискиот монопол и го прифатиле знаењето како

основа на развитокот и посебно се насочени кон кооперативна размена на информации и кон тимска работа. Современото уништување на контролата над размената, и ослободувањето на движењето на капиталот во рамките на целиот свет открива нови можности за транснационално соработување во сферата на бизнисот. Заедничките претпријатија, договорот за заемни услуги и воспоставувањето мрежи за соработка меѓу фирмите , стануваат дел од репертоарот на развитокот на бизнисот според постарите форми на вертикална организација, што доведува до децентрализација или слевање. Крајниот ефект е зголемувањето на измешаните односи на стратегиски опции за управување.

Развојот и ширењето на новите информациски и комуникациски технологии ја определуваат третата сфера на глобалната неопределеност. Тие ја нагласуваат можноста за организациона структура и работни стилови независно од сфаќањето за пречките на трговијата и новите продукти. Во новиот глобален финансиски пазар се дава можност за дваесет и четири часовна трговија, а со локализирањето на временските зони во поголемите центри, се овозможува трудот без поголеми потешкотии “да го следи патот на сонцето.” Службеникот на глобалната фирма може да биде во контакт со колегите насекаде во светот - клучното прашање останува кој со кого ќе биде во взаемен однос.

Економската глобализација го означува ширењето на економската дејност, која функционира надвор од националните економии и е организирана според сфаќањето на светот во целина. Проблемот со кој се соочува националната држава е во тоа што нејзината улога во економското управување сé повеќе се намалува, а на глобално ниво не се забележува соодветно ниво на контрола. Пазарите без граници не се внатрешни особини на глобализацијата, ниту се нејзин неопходен предуслов, вели Елброу. Доколку ги подредиме економските организации и процеси според нивната важност за процесот на глобализацијата ја добиваме следнава структура:

1. транснационална корпорација;
2. производствена технологија;
3. модели на животни потреби и стилови;

4. мобилност на капиталот;
5. меѓународните финансиски институции;
6. мобилност на работната сила и
7. отстранување на трговските бариери.

Светското општество, кое се формира како последица на глобализацијата, ја ослабнува националната држава од повеќе страни: со ширењето на комуникациските и информатичките мрежи, со пазарни односи, со надминувањето на територијалните граници, со намалувањето на нејзиното влијание врз даноците , надворешната политика, воената безбедност и др. Политиката на глобализацијата е, пред сè, насочена кон отстранување на стегите од националната држава и нуди можност за транснационален модел на националната држава, во која процесот на глобализацијата треба да стане критериум за националната политика во сите области од општественото живеење.

Врз основа на анализата на назначените три аспекти на оваа студија може да заклучиме дека Елброу се вбројува во кругот на оние современи социолози кои припаѓаат на школата на хиперглобалистите. За хиперглобалистите глобализацијата е одредена како нова ера во човечката историја, во која традиционалните национални држави стануваат неприродни, дури и неодржливи економски единици во глобалната економија.

Сепак, вредноста на овој труд, на полето на проблематиката што ја третира треба да ги надополни научните, и не само научните, погледи за глобалната ера денес како еден од најактуелните проблеми на денешницата и на социологијата во пошироки рамки.

4. мобилност на капиталот;
5. меѓународните финансиски институции;
6. мобилност на работната сила и
7. отстранување на трговските бариери.

Светското општество, кое се формира како последица на глобализацијата, ја ослабнува националната држава од повеќе страни: со ширењето на комуникациските и информатичките мрежи, со пазарни односи, со надминувањето на територијалните граници, со намалувањето на нејзиното влијание врз даноците , надворешната политика, воената безбедност и др. Политиката на глобализацијата е, пред сè, насочена кон отстранување на стегите од националната држава и нуди можност за транснационален модел на националната држава, во која процесот на глобализацијата треба да стане критериум за националната политика во сите области од општественото живеење.

Врз основа на анализата на назначените три аспекти на оваа студија може да заклучиме дека Елброу се вбројува во кругот на оние современи социолози кои припаѓаат на школата на хиперглобалистите. За хиперглобалистите глобализацијата е одредена како нова ера во човечката историја, во која традиционалните национални држави стануваат неприродни, дури и неодржливи економски единици во глобалната економија.

Сепак, вредноста на овој труд, на полето на проблематиката што ја третира треба да ги надополни научните, и не само научните, погледи за глобалната ера денес како еден од најактуелните проблеми на денешницата и на социологијата во пошироки рамки.